# ЗАКОН ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

**(„Службен весник на РМ“66/2004; 55/2007; 145/2010; 136/2011 и 163/2013)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на определување имиња на улици,плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, нумерирање на објектите наменети за живеење и работа, поставување и одржување на табли со имиња на улиците и куќните броеви, како и водење на регистар и евиденција на имиња на улици и куќни броеви.

### Член 2

Под улица, во смисла на овој закон, се сметаат улица, булевар, кеј и уличен крак подолг од 100 метра со една раскрсница кој се приклучува кон друга улица (во натамошниот текст: улица).

Под други инфраструктурни објекти, во смисла на овој закон, се сметаат трговски центар, подземен премин, надземен премин, парк и фонтана (во натамошниот текст: други инфраструктурни објекти).

## II. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, ПЛОШТАДИ, МОСТОВИ И НА ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

### Член 3

На секоја улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект се определува име.

Името од ставот 1 на овој член може да се определи и само со број.

Определувањето на име на улица не е задолжително за населени места кои имаат до 100 станбени објекти.

Во бесправно изградени населби името на улицата се определува само со број.

### Член 4

Определување име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект на подрачјето на општината се врши со одлука донесена од советот на општината, а за подрачјето на градот Скопје, со одлука донесена од Советот на градот Скопје.

Одлуката од ставот 1 на овој член се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на советот на општината, односно на Советот на градот Скопје, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината, односно во градот Скопје.

**Член 5**

Името на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект на подрачје на општина, односно на подрачје на градот Скопје може да биде определено со географско, етнографско, историско и друго обележје, име на истакната личност од областа на историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и име на значаен настан и датум , врз основа на листа на имиња.

Листата од ставот 1 на овој член ја утврдува советот на општината, односно Советот на градот Скопје, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

При утврдувањето на листата на имиња од страна на Советот на градот Скопје, општините од подрачјето на градот Скопје даваат мислење по истата.

**Член 6**

Не може да се определи име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект со кое се нарушува угледот на Република Македонија, се навредуваат националните чувства на граѓаните на Република Македонија и на граѓаните на други држави, како и се нарушуваат односите меѓу заедниците, обичаите и јавниот морал.

Во едно населено место две и повеќе улици не можат да имаат исто име.

Доколку името на улицата се определува само со број, две или повеќе улици во исто населено место не можат да имаат ист број.

Името на улицата не може да има повеќе од четири збора.

**Член 7**

Име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект се пишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во општината во која најмалку 20% од граѓаните користат друг службен јазик различен од македонскиот јазик, името на улицата, плоштадот, мостот и на друг инфраструктурен објект, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, се пишува и на јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.

**Член 8**

Име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект може да се промени на начин и во постапка за нивно определување.

Промената од ставот 1 на овој член не може да се врши шест месеца пред одржување на редовни претседателски, парламентарни и локални избори и една година пред планиран попис на населението.

**Член 9**

Име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект испишан на начинот од членот 7 став 2 на овој закон, се означува на иста табла.

Таблата со име на улица се поставува на двете страни и тоа од почетокот и на крајот на улицата, како и на крстосници каде што улицата се вкрстува со други улици.

Името на улицата се означува со полн назив, така што во првиот ред на таблата е ознаката “улица”, а во следниот ред името на улицата.

Името на улицата определено на начинот од членот 3 став 2 на овој закон се означува така што во првиот ред треба да стои ознаката “улица “, а во следниот ред арапскиот број.

Името на булевар, кеј, трговски центар, мост, плоштад, подземен премин и надземен премин на таблата се означува така што наместо ознаката “улица” треба да стои ознака “булевар”, “кеј”, “трговски центар, “мост”, “плоштад”, “парк”, “подземен премин” и “надземен премин”, а во следниот ред неговото име.

Таблата со име на плоштадот се поставува на почетокот од секоја улица на плоштадот,а таблата на кеј, трговски центар, мост, парк, подземен премин и надземен премин се поставува на нивниот почеток и крај.

**Член 10**

Таблата со име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект се поставува на видно место, на висина над 2,5 метра од тротоарот, без да се оштети или наруши естетскиот изглед на објектот на кој се поставува.

Таблата од ставот 1 на овој член може да се постави и на столбови на тротоари или други неизградени површини, без да се попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

На почетокот и на крајот на улицата или на крстосницата се поставуваат патокази со името што го носи улицата, испишано на начинот утврден во членот 7 на овој закон .

**Член 11**

Табла со име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект, се поставува најдоцна во рок од три месеца од денот на донесувањето на одлуката за определување, односно за промената на името.

**Член 12**

Во случаи кога името на улица има обележје на истакната личност или настан од членот 5 на овој закон, покрај таблата со име на улица, на видно место може да се постави и плоча со податоци за личноста или настанот по кој улицата го носи името.

**Член 13**

На табла освен името на улицата, плоштадот, мостот и на друг инфраструктурен објект, не смеат да се пишуваат други ознаки и текстови.

**Член 14**

Сопственик, односно корисник на објект е должен да овозможи на објектот поставување на табла со името на улицата.

**Член 15**

Секоја улица има технички број, кој е предвиден со урбанистичкиот план на општината, односно на градот Скопје или актот што го заменува планот на општината, односно на градот Скопје.

Во едно населено место, како и на подрачјето на градот Скопје, не може да се определи име на улица со број кој веќе е употребен како технички број на друга улица.

**Член 16**

Материјалот, бојата, формата и димензијата на таблата со името на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект, табличките со нумерираните броеви на објектите, како и големината и бојата на буквите и броевите ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Поставувањето и одржувањето на таблата со име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект го врши општината, а на подрачјето на градот Скопје го врши градот Скопје.

Општината , односно градот Скопје врши контрола на поставените табли со имиња на улиците на секои три месеца во текот на календарската година, а доколку таблите се оштетени, уништени и исчезнати, се должни веднаш или најдоцна во рок од еден месец од денот на извршената контрола, да обезбедат нивно обновување.

Забрането е поставување на табла со име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект, спротивно на ставовите 1 и 2 на овој член.

III. НУМЕРИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ

**Член 17**

Секој објект се нумерира со број, со поставување на табличка на објектот.

Нумерирањето на објектите со броеви на подрачјето го врши општината, а на подрачјето на градот Скопје го врши градот Скопје.

Се забранува нумерирање на објект со букви (бб).

**Член 18**

Два или повеќе објекти на иста улица не можат да бидат нумерирани со ист број.

Објектите се нумерираат на улицата на која им се наоѓа главниот влез.

Колективните објекти со правилна правоаголна форма, со единствен покрив и со повеќе влезови во една линија се нумерираат со еден куќен број.

Колективните објекти со неправилна форма, засебни покриви и целини, како и индивидуалните објекти се нумерираат со посебни броеви за секоја целина.

На колективните станбени и други објекти кои имаат повеќе влезови , влезовите се нумерираат со римски броеви, во правец на зголемувањето на куќните броеви на улицата.

На колективните станбени и други објекти кои се поставени и се наоѓаат на најмалку две улици, нумерирањето на куќните броеви се врши на страна на улицата од каде што е главниот влез на објектот.

**Член 19**

Објект кој не бил предвиден во урбанистички план, а дополнително е вклопен со измени и дополнувања на урбанистички план, се нумерира со бројот на првиот соседен објект кој има помал број, при што кон бројот се додава ознака со голема кирилична буква по азбучен ред.

**Член 20**

Објекти кои не се предвидени со деталните урбанистички планови и се изградени без одобрение за градба, како и времените објекти, се нумерираат на начин што на објектот се става табличка со број, но различна по големина и боја од табличките за објектите изградени со одобрение за градење.

**Член 21**

Нумерирањето на објектите со броеви се врши така што објектите на левата страна на улицата од каде што почнува нумерирањето добиваат непарни броеви, почнувајќи од бројот еден, а објектите од десната страна на улицата добиваат парни броеви, почнувајќи од бројот два.

Нумерирањето на објектите, во смисла на ставот 1 од овој член, почнува од центарот на населеното место и броевите се зголемуваат кон периферијата.

Нумерирањето на објектите со броеви на улица која се протега на подрачјето на две или повеќе општини се врши на начинот утврден во ставот 1 на овој член, со тоа што границите на општините завршуваат до определен број на објект.

Во населени места кои имаат до 100 објекта, а немаат определено имиња на улици, нумерирањето на објектите со броеви започнува од главниот пристап на населеното место,почнувајќи од бројот еден.

Нумерирањето со броеви на булеварите, кејовите, трговските центри, плоштадите,подземните премини и надземните премини се врши со непарни и парни броеви, почнувајќи од бројот еден и тоа од центарот кон периферијата, а нумерирањето со броеви на плоштадите се врши во правец на движењето на стрелките на часовникот.

**Член 22**

Табличките со броеви на објектите се поставуваат од десната страна на главниот влез на објектот, и треба да бидат видливи.

Табличките со броеви на колективните објекти со повеќе влезови се поставуваат од десната страна на објектот, а табличките за бројот на влезот над самиот влез.

**Член 23**

Табличките со броевите на објектите ги поставува инвеститорот на објектот, а ги одржува сопственикот, односно корисникот на објектот.

Табличките од ставот 1 на овој член, инвеститорот на објектот ги набавува од надлежниот орган на општината, односно на градот Скопје и истиот е должен да ги постави пред да почне објектот да се употребува.

Трошоците за набавка и поставување на табличките со броеви се на товар на сопствениците, односно на корисниците на објектот.

**Член 24**

Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да ги обнови оштетените или исчезнатите таблички со броеви најкасно во рок од 30 дена од денот на оштетувањето или исчезнувањето.

**Член 25**

Во одобрението за градење на објект, надлежниот орган за издавање е должен во одобрението да го внесе точното име на улицата и куќниот број на објектот, а податоците ги издава надлежен орган на општината, односно на градот Скопје.

## IV. ЕВИДЕНЦИЈА И РЕГИСТАР НА ИМИЊА НА УЛИЦИ И НА БРОЕВИТЕ НА ОБЈЕКТИТЕ

**Член 26**

Општините, односно градот Скопје за нивното подрачје се должни да водат електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, како и за броевите за нумерирањето на објектите.

За имињата на улиците, плоштадите, мостовите и за другите инфраструктурни објекти,како и за броевите за нумерирање на објектите на територијата на Република Македонија, електронски регистар води Централниот регистар на Република Македонија.

Содржината, постапката и начинот на водењето на автоматизираната евиденција од ставот 1 на овој член и автоматизираниот регистар од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски, по претходно позитивно мислење од министерот за внатрешни работи, директорот на Државниот завод за геодетски работи, Централниот регистар на Република Македонија и на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Директорот на Централниот регистар на Република Македонија по претходно позитивно мислење од министерот за внатрешни работи и директорот на Државниот завод за геодетски работи, донесува Методологија за утврдување на матични броеви на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Матичните броеви на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти ги доделува Централниот регистар на Република Македонија.

Централниот регистар на Република Македонија на својата веб страница го објавува единствениот систематски список на улици и постојано го ажурира. Истиот е бесплатно достапен до сите заинтересирани корисници.

Во регистрите и евиденциите кои во Република Македонија се водат врз основа на закон или подзаконски акт, а содржат податок за улица, задолжително покрај името на улицата, се води и матичен број на улица.

**Член 27**

Општините, односно градот Скопје се должни заради водење на регистарот од членот 26 став 2 на овој закон, да обезбедат иницијален пренос на податоците на електронски медиум или по електронски пат и тековно, а најдоцна во рок од осум дена од евидентирањето на какви било промени, податоците за промените на електронски медиум или по електронски пат да ги достават до Централниот регистар на Република Македонија.

Улица не може да биде внесена во евиденцијата од членот 26 став 1 на овој закон без матичен број.

**Член 28**

Податоците кои се водат во регистарот од членот 26 став 2 на овој закон се јавни.

Податоците кои се водат во евиденциите од членот 26 став 1 на овој закон ќе се користат за потребите на органите на општините, односно градот Скопје и за водење и ажурирање на регистарот од членот 26 став 2 на овој закон.

V. НАДЗОР

**Член 29**

Надзорот над примената на одредбите на овој закон го врши Министерството за транспорт и врски.

Инспекцискиот надзор го вршат комуналните инспектори на општините, односно градот Скопје.

**Член 30**

При вршењето на инспекциски надзор, комуналниот инспектор од членот 29 став 2 на овој закон, проверува особено:
- дали се поставени табли со имиња на улици;
- дали таблите со имињата на улиците се оштетени или уништени и дали во утврдениот рок се обновени;
- дали името на улицата е испишана согласно со членот 7 на овој закон;
- дали името на улицата е означено на начин утврден во членовите 9 и 11 на овој закон;
- дали на објект кој е во употреба има поставено табличка со куќен број и
- дали надлежниот орган во општината, односно градот Скопје води автоматизирана евиденција на имиња на улици и на броеви на објекти на нивното подрачје.

Доколку комуналниот инспектор констатира дека се направени неправилности од ставот 1 на овој член ќе донесе решение за отстранување на неправилностите во определен рок. Против решението на општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор во општините на градот Скопје и градот Скопје одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Доколку во рокот определен со решението од ставот 3 на овој член не се отстранат констатирните неправилности, комуналниот инспектор е должен да покрене прекршочна постапка.

### Член 30-а

Инспекторите од членот 29 став 2 на овој закон инспекцискиот надзор го вршат преку редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор.

Редовен инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската служба и опфаќа надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и по службена должност.

Контролниот инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдувањето на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:
- постапил по инспекцискиот акт во целост,
- делумно постапил по инспекцискиот акт или
- не постапил по инспекцискиот акт.

Непостапувањето, односно делумното постапување по инспекцискиот акт претставува основа за примена на инспекциски мерки во согласност со закон.

Инспекцискиот надзор инспекторите го вршат на начин и постапка пропишани со Законот за инспекциски надзор.

### Постапка за едукација

### Член 30-б

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор комуналниот инспектор на општината, односно на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од членовите 13,14,16 став 2 и 23 ставови 1 и 2 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Едукацијата ја организира и спроведува комуналниот инспектор на општината односно на градот Скопје, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за едно или повеќе лица.

Доколку во закажаниот термин лицето над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку комуналниот инспектор на општината односно на градот Скопје при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор, а доколку утврди дека не се отстранети утврдените неправилности, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Општината води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

**Член 30-в**

Општините за извршените инспекциски контроли, изготвуваат квартални извештаи и ги објавуваат на својата веб страница.

**Член 31**

Надзор над законитоста на работата на органите на општината, односно на органите на градот Скопје , во извршувањето на работите утврдени со овој закон врши Министерството за транспорт и врски.

**Член 32**

При вршењето на надзорот на законитоста на работата на органите на општините и на органите на градот Скопје, Министерството за транспорт и врски ги врши следниве работи:
- ја следи законитоста на работата на органите на општината, односно на органите на градот Скопје, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој и друг закон;
- оценува дали органите на општината, односно на градот Скопје обезбедуваат надлежностите да се извршуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
- им укажува на органите на општината, односно на градот Скопје за пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој и друг закон и им предлага соодветни мерки за надминување на затечената состојба;
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината, односно на градот Скопје, во рамките на овој закон, на барање на органите на општината, односно градот Скопје;
- го следи навременото донесување на прописите на општината, односно на градот Скопје, согласно со овој закон;

- на барање на органите на општината, односно на градот Скопје, дава мислење и стручна помош за предложените прописи, согласно со овој закон;
- следи дали граѓаните редовно, навремено, вистинито и потполно се известени за работата на органите на општината, односно градот Скопје, за остварувањето на одредбите на овој закон и
- навремено ги известува органите на општината, односно органите на градот Скопје,за констатираните состојби при извршувањето на надлежностите утврдени во овој закон,како и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности органите на општината и органите на градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите за кои тие се надлежни согласно со овој закон, им се одзема вршењето на работите.

Вршењето на одземените работи го презема органот на државната управа надлежен за работите од транспортот, но најмногу до една година до денот на нивното преземање, во име и за сметка на општината и градот Скопје.

За преземање на работите од ставот 1 на овој член се известува органот на државната управа надлежен за работите на локалната самоуправа и органот надлежен за работите од областа на финансиите.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во општината, односно градот Скопје доколку не се поставени таблите со имиња на улица и табличките со броеви на објектите на начинот и во определениот рок утврден со овој закон (членови 9 и 11).

### Член 34

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице сопственик на објектот, доколку пишува други ознаки и текстови на таблите (член 13), односно не овозможи поставување на таблата со име на улицата (член 14), како и не постави табличка со број на објектот (член 23).

Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице сопственик на објектот.

### Член 35

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во општината, односно градот Скопје, доколку не се врши контрола и не ги обноват оштетените или исчезнатите табли и таблички со броеви (член 16 став 4).

### Член 36

Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице што пишува други ознаки и текстови (член 13), односно неовластено ќе постави табла со име на улицата или табличка со број на објектот (член 16 став 2).

**Член 36-а**

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното и на службеното лице во општината односно во градот Скопје доколку постапува спротивно на членот 17 став 3 од овој закон.

**Член 37**

Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службеното и одговорното лице во општината, односно градот Скопје доколку во општината, односно со градот Скопје не се води електронска евиденција (член 26 став 1).

**Член 38**

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во општината, односно градот Скопје, заради необезбедување на пристап до податоците или ненавремено доставување на евидентираните промени во евиденцијата, како и за неовластено давање на податоци или промени на податоците во евиденцијата (член 26 став 1).

**Член 38-а**

Кога инспекторите од членот 29 став 2 на овој закон ќе утврдат дека е сторен прекршок од членовите 33, 34, 35, 36 и 38 на овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка до Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

За прекршоците од ставот 1 на овој член, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата од став 1 на овој член ќе спроведат постапка за порамнување.

Кога инспекторите од членот 29 став 2 на овој закон ќе констатираат прекршок од ставот 1 на овој член, составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Ако сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати изречената глоба.

Сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.

Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на платниот налог инспекторите од ставот 1 на овој член, ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на платниот налог.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот утврден во платниот налог, инспекторите од ставот 1 на овој член ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Инспекторите од ставот 1 на овој член се должни да водат евиденција за прекршочните постапки за порамнување.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Општините, односно градот Скопје во кои е донесен урбанистички план, односно акт што го заменува планот, се должни во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон, за улиците, плоштадите, мостовите и за другите инфраструктурни објекти на кои не им е определено име, како и за објектите кои не се нумерирани, или се со исто име, да определат имиња и броеви, да постават табли со имиња и таблички со броеви на објектите каде што не се поставени, согласно со одредбите на овој закон.

**Член 40**

Прописите од членот 16 и членот 26 ставови 3 и 4 на овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Единствениот систематски список на улици од членот 26 на овој закон ќе се објави во рок од шест месеца од денот на примената на овој закон.

Евиденциите од членот 26 ставови 1 и 2 на овој закон ќе се воспоставaт во рок од шест месеца од денот на примената на овој закон.

**Член 41**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од денот на конституирањето на советите на општините и на градот Скопје и изборот на градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје по спроведувањето на првите наредни локални избори согласно со Законот за локалните избори (“Службен весник на Република Македонија” број 46/96, 12/2003, 36/2004, 52/2004 и 60/2004).